Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 373, 15 септември 2025 година

септември 2025 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА КЛИНИЧКА ФАРМАКОЛОГИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ДАРКОВСКА-СЕРАФИМОВСКА И НАСЛ. ДОЦ. Д-Р ИСКРА ПЕЧИЈАРЕВА-САДИКАРИЈО, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП** ........ **3**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **7**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 2** ........ **8**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август" - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА КЛИНИЧКА ФАРМАКОЛОГИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ДАРКОВСКА-СЕРАФИМОВСКА И НАСЛ. ДОЦ. Д-Р ИСКРА ПЕЧИЈАРЕВА-САДИКАРИЈО, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-207/19 од 344. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.8.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Трајан Балканов, редовен професор на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,
2. проф. д-р Бистра Ангеловска, редовен професор во пензија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОСНОВИ НА КЛИНИЧКА ФАРМАКОЛОГИЈА**" од **авторките проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и насл. доц. д-р Искра Печијарева-Садикаријо,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Основи на клиничка фармакологија" припаѓа во научната област клиничка фармакологија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Извештајот на рецензијата може да изнесува најмногу 10 (десет) пишани А4 формат страници со нормален проред. Рецензијата треба да ги содржи следниве податоци.

**Општи податоци за ракописот:** Понудениот ракопис од проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и насл. доц. д-р Искра Печијарева-Садикаријо со наслов „Основи на Клиничка фармакологија" како интерен учебник за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е наменет за предметот Основи на Клиничка фармакологија, во шестиот семестар, за студентите на Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со неделен фонд на часови од 2+0+1 и осмиот семестар за студентите на Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со неделен фонд на часови од 2+1+1. Приложениот ракопис е во согласност со Предметната програма за курсот Основи на Клиничка фармакологија, а авторките на почетокот од учебникот ја нудат токму таа Предметна програма според која е елаборирана наставната материја во овој труд. Од понудената Предметна програма и од содржината на учебникот очигледно е дека авторките се придржувале стриктно до наставната програма предвидена за курсот по Основи на Клиничка фармакологија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот на проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и насл. доц. д-р Искра Печијарева-Садикаријо има вкупно 203 страници, А4 формат, и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран интерен учебник во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата содржина учебникот е збогатен со табели и слики кои во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на клиничката фармакологија како научна дисциплина. Станува збор, имено, за учебник што е изработен врз основа на една специфична предметна програма од областа на клиничката фармакологија, составена од предметните наставници проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска во соработка со насл. доц. д-р Искра Печијарева-Садикаријо.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник ќе биде голем придонес поради тоа што досега не е издаден комплетен учебник по Основи на Клиничка фармакологија, кој би бил наменет за Општа медицина и за Фармација во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа програма. Токму затоа овој интерен учебник по Основи на Клиничка фармакологија од проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и насл. доц. д-р Искра Печијарева-Садикаријо се јавува како неопходен наставен ракопис што на студентите од Општа медицина и Фармација во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената материја за интеракциите на лековите, несаканите дејства на лековите и начинот на препишување на лекови како кај општата популација, така и кај одделни патолошки состојби (бубрежна и хепатална инсуфициенција) и, секако, корекциите на дозирањето кои треба да се извршат во согласност со физиолошките промени кои настануваат во текот на стареењето, во текот на бременоста и лактацијата, како и кај мали деца. Дотолку повеќе што при изработката на овој труд авторите консултирале бројни библиографски единици што се однесуваат на современите достигнувања во рамките на оваа проблематика, односно конкретно на клиничката фармакологија.

**Краток опис на содржината:** На почетокот е дадена содржината што ќе им ја олесни на студентите ориентацијата во понудениот материјал од учебникот. Веднаш потоа е даден еден сосема кус предговор во кој авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на учебникот, а потоа се нуди деталната Предметна програма по курсот Основи на Клиничка фармакологија со конкретно наведена литература. Материјата, пак, што се презентира во овој интерен учебник е систематизирана во следниве теми:

- Вовед во клиничка фармакологија, која ги опфаќа поимот за развој на нов лек и патот што треба да го помине за истиот да биде достапен за пациентите;
- Претклинички и клинички испитувања на лековите, како еден макотрпен и многу долг пат во кој учествуваат голем број експерти од различни области; во овој дел има посебен осврт на тоа што е различно за ретките болести и орфан лековите;
- Ставање лек во промет во кој се опишува постапката со која се утврдува квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лекот за добивање на одобрение за ставање на истиот во промет;

- Безбедносни информации за лековите – поглавје во кое се посебен акцент се става на лековите кои се предмет на дополнителен мониторинг;
- Фармаковигиланца и чинители во системот на фармаковигиланца, поглавје во кое на еден едноставен, лесен и разбирлив јазик се опишани механизмите за пријава и следење на несаканите дејства од лековите;

Несакани дејства на лековите, систематизирани во очекувани и неочекувани со ставање посебен акцент на токсичните реакции на лековите кои претставуваат сериозно оштетување на организмот на пациентот најчесто како резултат на грешка во дозирањето;

Интеракции на лекови, поглавје во кое детално е објаснето неопходното добро познавање на меѓусебното влијание на лековите што се применуваат истовремено и евентуалните промени на нивните фармаколошки дејства во пристапот на лекување на пациентите коишто боледуваат од повеќе хронични или акутни болести. Посебен акцент е ставен на клинички значајните интеракции на лековите;

Употреба на лек надвор од индикационо подрачје, каде што е детално објаснето во кои случаи може да се одобри употреба на одобрени лекови од страна на здравствени работници за третман на пациенти на начин што не е во согласност со одобрението за ставање на лек во промет и збирниот извештај на особините на лекот;

Злоупотреба на лекови и предозирање – поглавје каде што акцентот е ставен на тоа како да се пријави злоупотреба и погрешна употреба на лекови;
Проблем со квалитет на лекот и сомнеж за фалсификат - состојба која може, но не мора, да биде поврзана со несакан настан од лекови и проблеми со квалитетот на производ, односно состојба која е асоцирана со идентитетот, квалитетот, чистотата, рокот на употреба, ефективноста или ракувањето со лекот откако тој е пуштен во промет;

Медицинска грешка - ненамерна грешка при препишувањето, издавањето, администрацијата или мониторингот на лековите кои се под контрола на здравствен работник, пациент или корисник;

Препишување на лекови, при што на еден едноставен начин се опишани факторите кои влијаат врз правилно поставување на дијагноза, одредувањето на доза и начинот на дозирање на лековите кај општата популација;

Препишување на лекови во бременост и лактација, каде што посебен акцент е ставен на физиолошките промени кои настануваат во овој период и препишувањето на лекови во овој период кое треба да биде крајно рестриктивно;

Препишување на лекови кај деца, каде што посебен акцент е ставен на основните проблеми со кои се соочуваат лекарите при препишувањето на лекови кај деца како: избор на лек, одредување на дозата, избор на облик на лекот и начинот на примена;

- Препишување на лекови кај стари лица, каде што посебен акцент е ставен на физиолошките промени кои настануваат во овој период, рационалното препишување на лекови кај оваа популација и адаптирање на дозата во зависност од состојбата на пациентот;
- Препишување на лекови кај хронични болести на бубрези и црн дроб, каде што посебен акцент е ставен на фармакокинетиката на лековите, со цел правилен избор на лек и соодветно на тоа корекции во дозирањето кои треба да се направат кај овие пациенти;

- Јатрогени болести, поглавје во кое се опишани болестите предизвикани од неадекватно препишување и примена на терапија;
- Фармакотерапија и потрошувачка на лекови - значаен инструмент во проценката на фармакотерапевтската пракса и во идентификувањето на факторите што влијаат врз начинот на употреба на лековите во одредена популација;
- Фармаколошка терапија на болка, поглавје во кое е обработена болката како важен дијагностички параметар во откривањето на болестите, класификацијата на болката и препораки на Светската здравствена организација за третман на болка.

**ЗАКЛУЧОК**

При презентирањето на материјата од областа на клиничката фармакологија авторките на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и сосема прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја восприматат и да ја разберат суштината на предочената содржина од клиничката фармакологија. Учебникот претставува значајно дело кое со својата структура и намена е новина со оглед на тоа дека на нашиве простори нема комплетен учебник по Основи на Клиничка фармакологија, кој би бил наменет за студентите на Општа медицина и на Фармација. Секако, таа е еднакво корисна и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Од сето што е погоре предочено може да се заклучи дека трудот со наслов „Основи на Клиничка фармакологија“ (учебник) од проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и насл. доц. д-р Искра Печијарева-Садикаријо ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран интерен учебник. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски интерен учебник на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Трајан Балканов, с.р.
Проф. д-р Бистра Ангеловска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.9.2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА** | In-silico анализа за цис-регулаторни мотиви во промоторските региони на рецепторски гени релевантни за оваријалната регулација и фертилитет кај човек | 1502-109/7 од 1.9.2025 год. | Проф. д-р Доне Стојанов | Даниела Христов |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | Примена на повеќекритериумско одлучување за избор на оптимална рута за транспорт на комунален отпад од претоварна станица до регионална депонија | 1702-195/8 од 1.9.2025 год. | Проф. д-р Стојанче Мијалковски | Димитар Белиќ |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ** | Училиштето како средина за професионалниот развој на наставникот | 2102-173/22 од 28.5.2025 год. | Проф. д-р Соња Петровска | Фросина Џамбазовска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | Улогата на патронажната служба при превенција, детекција и лекување на дијабетес мелитус кај населението во Општина Штип | 2002-211/16 од 2.9.2025 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Симона Димитровска |
| **ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | Интеграција на пловечка фотонапонска централа со систем за складирање на енергија, техничко-економска анализа и оптимизација на работа | 1802-80/4 од 11.9.2025 год. | Проф. д-р Влатко Чингоски | Младен Митковски |
| **ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА** | Variations in the Educational System for Dance Arts in Italy: Conditions and Possibilities | 2502-70/4 од 3.9.2025 год. | Проф. д-р Рисима Матевска Мијановиќ Рисимкин | Gilda Federica Cesario |

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФПТН | Бр.0206-658/42 од 15.9.2025 г. | „Развој на критериуми и методологија за избор на потенцијални геопаркови Кожув и Кратовско-злетовска област со помош на ГИС“ | „Development of criteria and methodology for selection of potential geoparks Kozuf and Kratovo-Zletovo area using GIS“ | Проф. д-р Соња Лепиткова, интерен ментор, проф. д-р Мусај Паќаризи, екстерен ментор | Влатко Трпески |